**ЗАБЕЛЕШКИ ПО ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ**
**МАРТ 2023**

Член 3, став 1:

- Точка 6 „ **Авто-такси превоз на патници** е јавен превоз на патници кој се врши со возила од М1 категорија со најмногу пет седишта сметајќи го и седиштето на возачот, ако еден патник или група на патници се качуваат на едно или повеќе места, а слегуваат на само едно место кое е различно од местото на качување на патниците. Авто–такси превозот на патници се извршува врз основа на една нарачка и едно плаќање на надомест за извршениот превоз одреден со таксиметар или електронска апликација од која на патниците однапред им е видлива максималната цена и планираната траса на патување, а согласно однапред познати услови. Нарачката на авто-такси превозот се остварува врз основа на повик, електронска апликација или непосредно кај возачот.“. Сметаме дека треба да остане истата категорија на возила 6+1 за авто-такси возила, посебно тргнувајќи од светската пракса и регулатива во која авто-такси превоз се врши со возила со максимум 6+1 седишта поради поекономично превезување на повеќе патници во одредени ситуации. Исто така предлагема да се измени и делот од оваа точка „ ако еден патник или група на патници се качуваат на едно или повеќе места, а слегуваат на само едно место кое е различно од местото на качување на патниците“ заради тоа што патниците имаат потреба да се симнат на различни места (колеги си одат од работа и се симнуваат на различно место, а плаќа последниот што се симнува од возилото).
- Точка 15 „ **Далечинар** е документ со кој се утврдува оддалеченоста меѓу автобуските станици, односно автобуските стојалишта издаден од надлежен државен орган за патишта и се користи при одобрувањето на возните редови за линиски превоз на патници“. Предлог да се дополни точката и тоа по државен орган за патишта да стои општината или Градот Скопје. Ова е од причина што истото биважело и заопштинскиот линиски превознапатници, како и за спогодбите од член 39.
- Точка 33 „ **Неодржување на линија** подразбира доколку превозникот поаѓањата, попатните станици и доаѓањата дефинирани во возниот ред не ги одржува со качување и слегување на патници од автобуските станици“.Предлог да се дополни точката и тоа на крај да се стави запирка и да се продолжи со текстот „терминали, свртуваилшта и стојалишта.

Член 9 став 1:

- Точка 2: се пропишуваат условите за такси возило, односно истото треба да биде 4+1 седиште со минимум Еуро 5 еколошки стандард. Сметаме дека ќе има многу мал број на превозници кои би го исполниле овој услов, а со тоа би се развило и нелегалното вршење на автотакси превоз. Сметаме дека ова се многу високи еколошки стандарди за овој вид на превоз, а посебно ако се земе во предвид дека се предлага минимум еколошки стандард од Еуро 4 за меѓународен и меѓуопштински превоз или ЕУРО 3 за општински линиски превоз. Предлог да остане 7 седишта сметајќи го и седиштето навозачот како и минимум Еуро 4 еколошки стандард.
- Точка 4 „ да има вработено во работен однос авто-такси возачи во зависност од бројот на моторните возила што ги исполнуваат условите пропишани со прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата“. Овде да се дополни и со „и поседуваат Сертификат за авто-такси возач“.
- Точка 8 во која стои солидна финансиска состојба за сите видови на превоз (во сега важечката регулатива солидна финансиска состојба не се однесува за добивање на лиценца за вршење на превоз во внатрешниот превоз). Сметаме дека ова е големо оптоварување за авто-такси превозниците и општинскиот линиски превоз кој во еден дел го вршат јавни претпријатија со оглед дека превозникот треба да располага

капитал и резерви во висина од 9.000 евра во денарска противредност за првото возило и по 5.000 евра за секое наредно возило“

Член 9 став 2 „ Одредбите од став (1) точка 6 на овој член не се однесуваат за добивање на лиценца за вршење на авто-такси превоз на патници за трговец поединец.“. Во овој став да се дополни и тоа по бројот 6 да стои и точка 7.

По овој став да стои нов став 3 кој ќе гласи „ Одредбите од став (1) точка 8 на овој член не се однесуваат за добивање на лиценца за вршење на авто-такси превоз на патници. Понатаму ставовите од овој член се зголемуваат за 1 број.

Член 19:

- Став 1: да се дополни со нова реченица „Возач почетник не може да добие Сертификат за авто-такси возач. Сметаме дека е потребно да се да се допрецизира овој став дека возач почетник со Б категорија не може да добие сертификат за авто-такси возач, поради сериозноста и одговорноста за учеството во сообраќајот како професионален возач
- Став 2: „Општината, односно Градот Скопје, доколку не може да организира испит за добивање на сертификат за авто-такси возач може да прифати сертификат за авто-такси возач издаден од друга општина при издавање на лиценца за авто-такси превоз на патници“. Во овој став да се направи измена и тоа зборовите по зборот „може“ да се избришат, а да се додадат следните „да склучи договор за меѓуопштинска соработка со општина или Градот Скопје, каде што е формирана за полагање на испит за авто-такси возач (во натамошниот текст: Комисијата) формирана од градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје.
- Исто така во овој член не е регулирана важноста на Сертификатот за авто-такси возач.

Член 20:

- Став 2:
    - во точка 4 да се дополни со „Сертификат за авто-такси возач за секој пријавен авто-такси возач“.
    - во точка 6 стои дека „ за извод од лиценца за вршење на меѓународен јавен превоз на патници и стока доказ за солидна финансиска состојба“, а ова е контрадикторно со наведените услови во член 9.

Член 21:

во прекршочните одредби за овој член има казнена одредба само за правно лице, но не и за физичко лице-трговец поединец,, што значи дека треба да се дополни во прекршочните одредби и тоа во член 140 или член 141.

Член 23:

- Став 1: во овој став по зборот транспорт, да се додаде транспорт, „општинскиот инспектор за патен сообраќај, односно инспектор за патен сообраќај на Град Скопје“.
- Став 3: во овој став по зборот врски, да се додаде „односно општината или Градот Скопје“.

Член 25:

- во овој став по зборот министерството, да се додаде „односно општината или Градот Скопје“.

Член 26:

- во овој став по зборот врски, да се додаде „односно општината или Градот Скопје“.

Член 32:

во прекршочните одредби за овој член има казнена одредба само за правно лице и физичко лице, но не и за физичко лице-трговец поединец,, што значи дека треба да се дополни во прекршочните одредби и тоа во член 140 или член 141.

Член 37:

во прекршочните одредби за овој член има казнена одредба само за физичко лице, но не и за правно лице и физичко лице-трговец поединец, што значи дека треба да се дополни во прекршочните одредби и тоа во член 137 или член 138 и член 140 или член 141 (за да може да се превземе инспекциски мерки доколку од страна на превозникот не се почитува одлуката донесена од советот за општински линиски превоз на патници).

Член 69:

- ставот 9 треба да се дополни бидејќи во текстот се испуштени општините и Градот Скопје и истиот треба да гласи: „При извршувањето на посебниот линиски превоз на патници од став (1) на овој член во возилото мора да се наоѓа извод од лиценца, дозвола со заверен возен ред од Министерството за транспорт и врски, општината или Градот Скопје, патен налог во оригинал и договор со заверен список на патници од Министерството за транспорт и врски, општината или Градот Скопје а на предниот дел од возилото да има табла со натпис „посебен линиски превоз“.“

Член 80:

- став 3: во прекршочните одредби за овој став има казнена одредба само за правно лице, но не и за физичко лице-трговец поединец,, што значи дека треба да се дополни во прекршочните одредби и тоа во член 140 или член 141
- став 6: во прекршочните одредби за овој став има казнена одредба само за правно лице и физичко лице, но не и за физичко лице-трговец поединец,, што значи дека треба да се дополни во прекршочните одредби и тоа во член 140 или член 141
- став 8: во прекршочните одредби за овој став има казнена одредба само за физичко лице, но не и за правно лице и за физичко лице-трговец поединец,, што значи дека треба да се дополни во прекршочните одредби и тоа во член 137 или член 138 или член 139 и во член 140 или член 141 или член 142

Член 81:

- во став 2 стои: „Превозникот самостојно ја утврдува цената на превозот“, а во член 79 став 1 алинеа 5 стои дека Советот на општината односно Градот Скопје утврдува „тарифи за вршење на авто-такси превоз во рамките на општината, тарифи за вршење на авто-такси превоз кон друга општина или градот Скопје“ . Овие две работи се контрадикторни и треба или да се дообјасни што мислел предлагачот на законот или пак да се избрише едното.

Член 117:

- став 2 и став 3 (дали е потребно да се овласти МВР да ги контролира изводите од лиценци и за тоа да изрекува прекршоци кога и сега можат да го прават тоа согласно член 284-а од Кривичниот законик)

Член 122:

- Став 3: „Државниот инспекторат за транспорт се должни во електронската евиденција на превозниците и возилата регистрирани за вршење на превоз на патници или стока во патниот сообраќај која ја води Министерството за транспорт и врски да ги

евидентира прекршоците кои превозниот, односно неговите возачи ги направиле.“ Овој став да се дополни и за општините и Градот Скопје.

Во член 127 каде стои - стручни квалификации за сите нивоа од категорија Б – ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на техничките или правните науки, стручни квалификации за нивото В1 – ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и за нивоата В2, В3 и В4 - ниво на квалификација VIБ според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на техничките или правните науки,
Треба да стои стручни квалификации за сите нивоа од категорија Б – ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на техничките науки - отсек сообраќај или правните науки, стручни квалификации за нивото В1 – ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и за нивоата В2, В3 и В4 - ниво на квалификација VIБ според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на техничките науки – отсек сообраќај или правните науки,
Би сакале да не стојат правни науки бидејќи од искуство со нивното вработување се покажало дека не ги познават стручните делови од сообраќајот па е отежнато нивното работење.

Член 129:

- Став 4 алинеја 8 „поседување на лекарско уверение на авто-такси возачот“. Сметаме дека оваа алинеја треба да се избрише од причина што ова го контролираат и санкционираат припадниците на Министерството за внатрешни работи согласно Законот за безбедност во патниот сообраќај, а со ова би дошло до дуплирање на надлежностите на двата органа.

Член 131:

- Став 3 ,,За одземана сообраќајна дозвола ,,таблици,, на превозникот му се издава потврда. ( на какви таблици се мисли, дали овде треба да стои регистерска табличка). Сметаме исто така да се дополни овој член со „и регистерска табличка“ поради предходно искуство со примена на одстранувањето на возилата од сообраќај со одземање на сообраќајната дозвола и регистерските таблички, покажа многу добар резултат. Поради примена на оваainспекциска мерка многу нелегални превозници одлучија да извадат лиценца и иводи од лиценца.
- Став 5 треба да се дополни по зборот „алинеја“ со „5 и алинеја“

Член 138:

- Став 1:
  - Да се дополни точка 4 на завршетокот на реченицата со „ или заверен возен ред“

Законот за превоз во патниот сообраќај и Законот за возила во однос на жолтите таблици за авто-такси возилата да се искоординира бидејќи доаѓа до контрадикторност во поглед на исполнувањето на условите за добивање на лиценца и извод од лиценца, поточно возилото мора да е сопственост на правното лице за добивање на извод од лиценца, а од друга страна не ја префрлаат сопственоста на возилото на правното лице доколку истото нема извод од лиценца во МВР. Ова доведува до потешкотии во управните постапки во кои

службените лица се доведени во безизлезни ситуации при донесување на решенија за исправување на овие контрадикторности и спроведување на постапките.

Бришењето на членовите 22-б и 27-б во кои стои дека бесплатниот превоз на учениците се врши со општински линиски или меѓуопштински линиски превоз на подрачјата каде што има утврден возен ред. Треба да се разгледа ова прашање повторно и да се земат во обзир сите последици кои ќе произлезат од бришењето на овие два члена посебно на член 22-б за општинскиот линиски превоз со кој може да се врши превоз на ученици на подрачјата на општините. Во суштина треба да се остават можности за регулирање на начинот на превоз на ученици на секоја општина посебно според можностите и потребите кои реално ги имаат училиштата, се во контекст на добивање на економичен и квалитетен превоз на учениците.

Во текстот на Предлог законот за превоз во патниот сообраќај овластен инспектор на општината и овластен инспектор на град Скопје да се замени со „општински инспектор“ согласно Законот за инспекциски надзор и називот кој стои во лиценците за инспектор, кои се издадени од Инспекциски совет.

Во делот на прекршочни одредби за правно лице, физичко лице-трговец поединец, непостапување по решение од инспектор и на инспекторот за патен сообраќај не му овозможи вршење на инспекциски надзор, не му дава потребни известувања и не му ја стави на увид потребната документација е категоризирано како помал прекршок, што не е во ред. Ова најмалку треба да биде категоризирано како сериозен прекршок. Исто така во делот на прекршочни одредби за физичко лице член 145 како помал прекршок е категоризиран прекршокот „ на инспекторот за патен сообраќај не му овозможи вршење на инспекциски надзор, не му дава потребни известувања и не му ја стави на увид потребната документација“. И ова најмалку треба да биде категоризирано како сериозен прекршок (најголем дел на прекршители во авто-такси превозот се физички лица кои многу недолично се однесуваат, не го почитуваат инспекторот, би се казнле со 15 евра односно со порамнување 7,5 евра, по што пак ќе продолжат да возат нелегално и пак ќе продолжат да не даваат документи и да не го почитуваат инспекторот). За ова во сега важечката регулатива е предвидена глоба од 500 евра, а во предлог законот со глобата од 15 евра е недопустлива деградација на институцијата инспектор и истата ќе мотивира нелегално вршење на превоз на патници

Исто така не е предвидена казнена одредба за физичко лице по член 130, 131. Како ќе се казни физичко лице ако на инспекторот за патен сообраќај ако не постапува по решението кое го издал инспекторот (пример: отстрането е возилото од сообраќај со одземање на сообраќајна дозвола со решение издадено од инспекторот, а при повторен надзор е утврдено дека прекршителот кој во овој случај е физичко лице, не го почитува решението и продолжува да го употребува возилото за вршење превоз). Од таа причина потребно е во член 143 или член 144 да се дополни со:

„не постапи по решението на инспекторот (членови 130 и 131) “

Со почит,

**Славица Переска**

**Раководител на Одделение за инспекциски надзор**
**Овластен инспектор за патен сообраќај**
**Општина Велес**